Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Црвениот Крст на РСМ денес (25 декември 2023 година) организираа **Акција за дарување крв**.



Иако за ваква хуманитарна акција и не се потребни посебни поводи, сепак, оваа беше иницирана во чест на јубилејот, 30 години од основањето на организацијата.

Вкупно 13 вработени во МЦМС, во Македонската развојна фондација за претпријатија ( МРФП ) и други соработници денес со задоволство се приклучија на армијата крводарители со чија помош секојдневно се спасуваат човечки животи.



Крводарителската акција се спроведе во просториите на МЦМС од 10 до 13 часот.
Благодарни сме им што на овој начин ги практикуваат вредностите на организацијата.